ЈСП СКОПЈЕ
NQP SHKUP

ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ - СКОПЈЕ

ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
СКОПЈЕ ц.о.
NDËRMARRJA QARKULLUESE PUBLIKE "SHKUP" p.p.
Бр. 02-103/3-1
03 FEB 2023 20 год.
СКОПЈЕ-SHKUP

ЈСП СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈСП СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ ДЕКЕМВРИ СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛ 2022 ГОДИНА

**Скопје, Јануари 2023 година**

**Вовед**

Согласно Законот за измени и дополнувања на законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 64 од 11.04.2018 год.), јавното претпријатие е должно да ги доставува до Основачот усвоените тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 20 дена по истекот на тримесечјето и да ги објави на својата веб страна најдоцна 30 дена по истекот на тримесечјето. Исто така, јавното претпријатие е должно годишните сметки и финансиските извештаи да ги објави на својата веб страна во рок од 15 дена од денот на доставување на годишната сметка до Централниот регистар. Согласно Законот за трговските друштва, Годишната сметка се доставува до Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година, односно до 15 март наредната година во електронска форма.

Согласно Законот за данокот на додадена вредност, обработката на финансиските документи и достава на ДДВ пријави се врши до 25-ти во месецот за претходниот месец, додека исправки по даночни пријави се вршат најдоцна до рокот за доставување на годишната сметка (15 март во тековната за претходната година).

Согласно Законот за јавни претпријатија, јавните претпријатија и друштвата кои вршат дејност од јавен интерес, водењето на сметководството, подготвувањето и поднесувањето на годишната сметка и финансиските извештаи го вршат во согласност со Законот за трговските друштва и усвоените меѓународни сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Република Македонија.

Погоре наведените одредби од Законот за јавните претпријатија, Законот за ДДВ и Законот за трговските друштва не се во меѓусебна корелација, односно роковите зададени со измените во Законот за јавните претпријатија (20-ти во месецот доставување до Основачот усвоени тримесечни извештаи) не се усогласени со роковите утврдени со Законот за данокот на додадена вредност (обработка на финансиски документи и достава на ДДВ пријава до 25-ти во месецот за претходниот месец) и Законот за трговските друштва (достава на Годишна сметка и финансиски извештаи до 15 март). Од оваа причина, а со цел придржување до роковити на Законот за јавните претпријатија, податоците дадени во тримесечните извештаи за 2022 год. се нецелосни, односно не содржат дел од финансиските документи за последниот месец од тримесечјето.

Што се однесува до податоците за последното тримесечје со кои се заокружува деловната 2022 година, проблемот е поголем со оглед на фактот дека не е завршен не само приемот на документи за месец декември, туку ниту обработката на резултатите од годишниот попис на средствата и изворите на средства (чии резултати утврдени со одлука на УО се вклучуваат во Годишната сметка), редовната ДДВ пријава, како и сите евентуални исправки на ДДВ пријави и сите

завршни книжења потребни за изготвување на Годишната сметка и финансиски извештаи за 2022 година.

Законот за јавни претпријатија ги утврдува следните надлежности на УО на претпријатието и на Основачот на претпријатието:

Управниот одбор на јавното претпријатие:

1. Го донесува статутот на јавното претпријатие;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
5. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
6. Ги донесува одлуките за инвестиции;
7. Ги утврдува цените на производите и услугите;
8. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие;
9. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;
10. Врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на јавното претпријатие

Основачот на јавното претпријатие дава согласност на:

1. Статутот на јавното претпријатие;
2. Статусните промени;
3. Актот за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
4. Актот за задолжување на јавното претпријатие;
5. Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело
6. Актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;
7. Годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие и
8. Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој.

Согласно горе наведеното, за периодот Јануари – Декември 2022 година може да се изготви само Годишен извештај за работењето кој ќе ги содржи сите финансиски показатели од Годишната сметка за 2022 год. и кој треба да се објави на веб страната и достави до Оснивачот во рок од 15 дена од доставувањето на Годишната сметка до Централниот Регистар, осносно до 31 март 2023 година.

Во Законот за јавните претпријатија се утврдени рокови за достава на периодични (тримесечни) извештаи до Основачот, без насоки за конкретните елементи кои треба да ги содржат

извештаите, односно без унифициран преглед на задолжителни показатели кои јавните претпријатија треба да ги искажат во извештаите.

Поради ова во прилог на извештајот даваме во скратена форма финансиски оперативни показатели утврдени со пресек 17 јануари 2023 год. за последното тримесечје 2022 год., без искажување на вкупниот деловен резултат во годината, кој ќе се утврди со Годишната сметка за 2022 год. и прикаже со Годишниот извештај од работењето за 2022 година.

Статистичките показатели се искажани кумулативно за период Јануари-Декември 2022 година.

## ПРЕВОЗНИ КАПАЦИТЕТИ И ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ

### СОСТОЈБА НА ИНВЕНТАРНИТЕ ВОЗИЛА НА 31.12.2022 ( СПОРЕД ДАТА НА ПРВА РЕГИСТРАЦИЈА )

Таб.1

| Р.бр. | Тип на автобус | Соло автобуси | Зглобни автобуси | Вкупно автобуси | Стр. во % | Просечна стар. во години |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Санос | 30 | 2 | 32 | 8,5 | 26,97 |
| 2. | Ман | 21 | 12 | 33 | 8,7 | 2,47 |
| 3. | Лаз | 77 | | 77 | 20,4 | 11,55 |
| 4. | Јутонг | 215 | | 215 | 56,9 | 10,70 |
| 5. | Минибус ( Застава, Јутонг) | 21 | | 21 | 5,6 | 13,16 |
| **6.** | **Вкупно (1 - 5 )** | **364** | **14** | **378** | **100,0** | **11,67** |
| | **Учество %** | **96,3** | **3,7** | **100,0** | | |
| | Р.Е.Автокоманда | 190 | 6 | 196 | 51,9 | 11,79 |
| | Р.Е.Ѓорче Петров | 174 | 8 | 182 | 48,1 | 11,54 |
| 7. | Туристички автобуси | 1 | | 1 | | 27,59 |
| | **Вкупно автобуси ( 6 + 7 )** | **365** | **14** | **379** | | **11,71** |

| **Еколошки стандард** | |
|---|---|
| EURO 6 еколош. стандард | 33 автобуси ( Ман ) |
| EURO 5 еколош. стандард | 215 автобуси ( Јутонг ) |
| EURO 4 еколош. стандард | 77 автобуси ( Лаз ) |
| EURO 4 еколош. стандард | 16 минибуси ( Јутонг ) |
| EURO 2 еколош. стандард | 5 минибуси ( Застава ) |

Со состојба на 31.12.2022 година просечната старост на возниот парк изнесува 11,67 години што претставува пораст од 9,4% во споредба со состојбата од минатата година (10,67 год.).

Граф.1



## ОСТВАРЕН ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ
### ( линиски превоз )

Таб.2

| Ред. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | 2021 | 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Инвентарна состојба на автобусите (30.12.) | 378 | 378 | 100,0 |
| 2 | Инвентар. сост. на автоб.-просечно дневно | 378 | 378 | 100,0 |
| 3 | Просеч. днев. исправни автобуси | 248 | 246 | 99,2 |
| 4 | Просеч. днев. исправни автоб. во раб. денови | 251 | 243 | 96,8 |
| 5 | Просеч. днев. автоб. во работа | 171 | 197 | 115,2 |
| 6 | Просеч. днев. автоб. во работа во раб. денови | 210 | 236 | 112,4 |
| 7 | Просечно дневно автобуси во резерва | 41 | 7 | 17,1 |
| 8 | Коефициент на техничка исправност | 0,66 | 0,64 | 97,0 |
| 9 | Коефиц. на искористеност на тех. исправн. | 0,82 | 0,96 | 117,1 |
| 10 | Коефиц. на искорист. на вкуп. возен парк | 0,56 | 0,62 | 110,7 |
| 11 | Просечна старост на автобусите (30.12.) | 10,67 | 11,67 | 109,4 |
| 12 | Поминати километри - вкупно | 15.280.727 | 16.859.416 | 110,3 |
| 13 | Поминати километри на градски линии | 9.015.205 | 10.005.041 | 111,0 |
| 14 | Поминати километри на приградски линии | 5.616.177 | 6.165.792 | 109,8 |
| 15 | Поминати километри на договорен превоз | 649.345 | 688.583 | 106,0 |
| 16 | Потрошено нафта-вкупно ( литри ) | 5.568.297 | 6.487.133 | 116,5 |
| | -месечно | 464.025 | 540.594 | 116,5 |
| | -дневно | 15.256 | 17.773 | 116,5 |
| 17 | Поминати километри на возила со погонско гориво - нафта | 13.271.406 | 15.239.244 | 114,8 |
| 18 | Потрошено нафта - просечно литри/100 км. | 41,96 | 42,57 | 101,5 |
| 19 | Потрошено земјен гас ( кгр.) | 1.100.281 | 858.723 | 78,0 |
| 20 | Поминати километри на возила со погонско гориво - земјен гас | 2.009.321 | 1.620.172 | 80,6 |
| 21 | Потрошено земјен гас - просечно кгр./100 км. | 54,76 | 53,00 | 96,8 |
| 22 | Остварени часови во сообраќај | 801.058 | 928.212 | 115,9 |
| 23 | Остварена комерцијална брзина | 19,08 | 18,16 | 95,2 |
| 24 | Просечно поминати км. по возило во работа | 89.361 | 85.581 | 95,8 |
| | -месечно | 7.447 | 7.132 | 95,8 |
| | -дневно | 245 | 234 | 95,5 |
| 25 | Просечно поминати км. по вработен | 11.718 | 13.100 | 111,8 |
| | -месечно | 976 | 1.092 | 111,9 |
| | -дневно | 32 | 36 | 112,5 |
| 26 | Просечно поминати км. по возач | 25.682 | 28.672 | 111,6 |
| | -месечно | 2.140 | 2.389 | 111,6 |
| | -дневно | 70 | 79 | 112,9 |
| 27 | Број на полуобрти во сообраќајот | 1.152.080 | 1.524.821 | 132,4 |
| | 1. Број на вкупни остварени регуларни полуобрти | 418.641 | 617.663 | 147,5 |
| | - Број на остварени регуларни полуобрти | 410.595 | 610.114 | 148,6 |
| | - Број на делумно сработени регуларни полуобрти | 8.046 | 7.549 | 93,8 |
| | 2. Број на нерегуларни полуобрти | 733.439 | 907.158 | 123,7 |
| 28 | Превезени патници | 23.135.530 | 28.496.409 | 123,2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 29 | Превезени патници Жичница Милениумски Крст | 890 | 281.056 | 31.579,3 |
| 30 | Остварени места километри ( во 000 ) | 1.198.939 | 1.419.338 | 118,4 |
| 31 | Места километри по патник ( квалитет ) | 51,82 | 49,80 | 96,1 |
| 32 | Места километри по вработен ( продуктивност ) | 919.432 | 1.102.827 | 119,9 |
| 33 | Места километри по возач | 2.015.024 | 2.413.840 | 119,8 |
| 34 | Превезени патници на поминати км. | 1,51 | 1,69 | 111,9 |

## СТРУКТУРА НА ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ

Таб.3

| Ред. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | 2021 | Стр.% | 2022 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I.** | **Патници со неперсонализирани билети** | **7.823.000** | **33,81** | **9.134.000** | **32,05** | **116,76** |
| 1 | Патници со неперсонализирани билети на град. линии | 3.631.000 | 15,69 | 4.491.000 | 15,76 | 123,68 |
| 2 | Патници со неперсонализирани билети на сите линии | 4.165.000 | 18,00 | 4.605.000 | 16,16 | 110,56 |
| 3 | Патници со бесплатни неперсонализирани билети | 27.000 | 0,12 | 39.000 | 0,14 | 144,44 |
| **II.** | **Патници со персонализирани билети** | **15.296.000** | **66,11** | **19.308.000** | **67,76** | **126,23** |
| 1 | Ученички, студентски билети | 2.341.000 | 10,12 | 2.837.000 | 9,96 | 121,19 |
| 2 | Пензионерски билети | 178.000 | 0,77 | 204.000 | 0,72 | 114,61 |
| 3 | Билети за возрасни | 2.667.000 | 11,53 | 3.485.000 | 12,23 | 130,67 |
| 4 | Месечен ноќен билет | | 0,00 | | 0,00 | |
| 5 | Месечни билети за градски линии | 3.621.000 | 15,65 | 4.029.000 | 14,14 | 111,27 |
| 6 | Месечни билети за сите линии | 1.992.000 | 8,61 | 2.053.000 | 7,20 | 103,06 |
| 7 | Колективни билети | 100.000 | 0,43 | 120.000 | 0,42 | 120,00 |
| 8 | Билети за деца без родители над 18 години | 2.000 | 0,01 | 2.000 | 0,01 | 100,00 |
| 9 | Билети за студенти и возрасни ( бесплатен превоз ) | 3.444.000 | 14,89 | 5.630.000 | 19,76 | 163,47 |
| 10 | Тримесечен билет | 5.000 | 0,02 | 7.000 | 0,02 | 140,00 |
| 11 | Шестмесечен билет | 4.000 | 0,02 | 4.000 | 0,01 | 100,00 |
| 12 | Годишни билети | 942.000 | 4,07 | 937.000 | 3,29 | 99,47 |
| **III.** | **Патници со договорен превоз** | **14.000** | **0,06** | **50.000** | **0,18** | **357,14** |
| 1. | Претпријатија ( договорен превоз ) | 14.000 | 0,06 | 27.000 | 0,09 | 192,86 |
| 2. | Групен превоз | | 0,00 | 23.000 | 0,08 | |
| **IV.** | **Патници со дополнителни билети** | **3.000** | **0,01** | **4.000** | **0,01** | **133,33** |
| | **ВКУПНО** | **23.136.000** | **100,00** | **28.496.000** | **100,00** | **123,17** |

Во 2022 година превезени се вкупно 28.496.000 патници. Во споредба со претходната година бројот на превезени патници е зголемен за 23,17% или за 5.360.000 патници поради порастот на број на патници со неперсонализирани билети за 16,76% или за 1.311.000 патници и на патници со персонализирани билети за 26,23% или за 4.012.000 патници.

# ВРАБОТЕНИ

## БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО КВАЛИФИКАЦИИ

Таб.4

| Ред. бр. | Квалификација | 31.12.2021 | Стр.% | 31.12.2022 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | В С С | 96 | 7,3 | 84 | 6,6 | 87,5 |
| 2. | С С С | 1.027 | 77,9 | 987 | 78,0 | 96,1 |
| 3. | Н С С | 53 | 4,0 | 56 | 4,2 | 105,7 |
| 4. | В К В | 143 | 10,8 | 138 | 10,9 | 96,5 |
| | **В к у п н о** | **1.319** | **100,0** | **1.265** | **100,0** | **95,9** |

Со состојба на 31.12.2022 година вкупниот број на вработени во ЈСП СКОПЈЕ изнесува 1.265 што е за 54 вработени или за 4,1% помалку во споредба со состојбата од минатата година (1.319 вработени).

## БРОЈНА И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ

31.12.2022 година Таб.5

| Р.бр. | Квалифи-кации | Вкупно | % | Жени | % | Мажи | % | Старост | Стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ВСС | 84 | 6,64 | 32 | 2,53 | 52 | 4,11 | 43 | 15 |
| 2 | ССС | 987 | 78,02 | 108 | 8,54 | 879 | 69,49 | 50 | 22 |
| 3 | НСС | 56 | 4,43 | 26 | 2,06 | 30 | 2,37 | 49 | 17 |
| 4 | ВКВ | 138 | 10,91 | 0 | 0,00 | 138 | 10,91 | 55 | 32 |
| | **Вкупно** | **1.265** | **100,00** | **166** | **13,12** | **1.099** | **86,88** | **50** | **23** |

## БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ СПОРЕД ОСТВАРЕНИОТ СТАЖ

30.12.2022 Таб.6

| Квалиф. | до 5 г | 06-10 | 11-15 | 16-20 | 21-25 | 26-30 | 31-35 | над 35 | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВСС | 11 | 25 | 16 | 9 | 7 | 5 | 7 | 4 | 84 | 6,64 |
| ССС | 71 | 89 | 196 | 129 | 89 | 119 | 80 | 214 | 987 | 78.02 |
| НСС | 9 | 6 | 17 | 5 | 6 | 6 | 1 | 6 | 56 | 4,43 |
| ВКВ | 1 | 3 | 10 | 7 | 10 | 13 | 25 | 69 | 138 | 10,91 |
| **Вкупно** | **92** | **123** | **239** | **150** | **112** | **143** | **113** | **293** | **1.265** | **100,00** |
| **%** | **7,27** | **9,72** | **18,89** | **11,86** | **8,85** | **11,30** | **8,93** | **23,16** | **100,00** | |
| | **604** | | | | **661** | | | | **1.265** | |
| **%** | **47,75** | | | | **52,25** | | | | **100,0** | |

**РЕМОНТНО - СЕРВИСНИ АКТИВНОСТИ**

Таб.7

| Р.бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2021 | 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ремонтни активности | 14 | 4 | 28,6 |
| | - Генерален ремонт | 5 | 2 | 40,0 |
| | - Полуремонт | 9 | 2 | 22,2 |
| 2. | Менувачи | 1 | / | 0,0 |
| 3. | Диференцијали | 3 | 2 | 66,7 |

Во 2022 година извршени се следниве ремонтно - сервисни активности:

- Во делот на генерални ремонти направени се 2 ремонтни активности;
- Во делот на полуремонти направени се 2 ремонтни активности;
- Во делот на сервисирање на менувачи нема активност;

Во делот на сервисирање на диференцијали направени се 2 активности.

## СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ И ИНЦИДЕНТИ

Во 2022 год. возилата на ЈСП учествувале во вкупно 186 сообраќајни незгоди, што е за 1 незгода или за 0,53% помалку во споредба со истиот период минатата година. Во сообраќајните незгоди повредени се вкупно 29 лица.

**СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ ВО 2022 ГОДИНА**

Таб. 8

| Месец | Европски записник | | Записник од МВР | Вкупно | Повредени | Загинати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | По вина на ЈСП | По вина на останатите учесници | | | | |
| I | 1 | 2 | 4 | 7 | 2 | 0 |
| II | 6 | 12 | 4 | 22 | 4 | 0 |
| III | 3 | 7 | 2 | 12 | 2 | 0 |
| IV | 3 | 5 | 4 | 12 | 4 | 0 |
| V | 8 | 9 | 3 | 20 | 1 | 0 |
| VI | 6 | 7 | 3 | 16 | 1 | 0 |
| VII | 4 | 8 | 2 | 14 | 0 | 0 |
| VIII | 6 | 3 | 2 | 11 | 1 | 0 |
| IX | 4 | 8 | 5 | 17 | 6 | 0 |
| X | 5 | 5 | 6 | 16 | 0 | 0 |
| XI | 9 | 5 | 2 | 16 | 5 | 0 |
| XII | 9 | 11 | 3 | 23 | 3 | 0 |
| **Вкупно** | **64** | **82** | **40** | **186** | **29** | **0** |

**Напомена :**
Утврдувањето на вината по европскиот записник е направена според проценката на Референтот за безбедност и сообраќај.

## СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ

Таб.9

| Р.бр. | Сообраќајни незгоди | 2021 | 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | По вина на ЈСП / Европски записник | 49 | 64 | 130,61 |
| 2. | По вина на останатите учесници / Европски записник | 97 | 82 | 84,54 |
| 3. | Не е утврдена вината / Записник од МВР | 41 | 40 | 97,56 |
| | **ВКУПНО** | **187** | **186** | **99,47** |
| Просечно дневно сообраќајни незгоди | | 0,51 | 0,51 | 99,47 |
| Повредени | | 17 | 29 | 170,59 |

## ИНЦИДЕНТИ ПО МЕСЕЦИ ВО 2022 ГОДИНА

Таб.10

| Месец | Физички напади врз возачи | Физички пресметки во автобус | Оштетување на автобусот | Закани врз возачи | Проблеми ( превоз ) |
|---|---|---|---|---|---|
| I | 0 | 0 | 20 | 0 | 4 |
| II | 1 | 1 | 40 | 1 | 7 |
| III | 0 | 2 | 37 | 2 | 8 |
| IV | 0 | 0 | 36 | 3 | 11 |
| V | 0 | 2 | 46 | 1 | 12 |
| VI | 0 | 0 | 36 | 3 | 5 |
| VII | 1 | 0 | 34 | 4 | 6 |
| VIII | 0 | 1 | 21 | 1 | 6 |
| IX | 0 | 3 | 34 | 2 | 12 |
| X | 0 | 3 | 25 | 0 | 7 |
| XI | 1 | 1 | 32 | 2 | 13 |
| XII | 0 | 3 | 44 | 1 | 10 |
| **Вкупно** | **3** | **16** | **405** | **20** | **101** |

## ИНЦИДЕНТИ

Таб.11

| Р. бр. | ВИДОВИ ИНЦИДЕНТИ | 2021 | 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Физички напади врз возачи | 13 | 3 | 23,08 |
| 2. | Физички пресметки во автобус | 3 | 16 | 533,33 |
| 3. | Оштетување на возила | 174 | 405 | 232,76 |
| 4. | Закани врз возачи | 8 | 20 | 250,00 |
| | **ВКУПНО ИНЦИДЕНТИ** | **198** | **444** | **224,24** |

Во 2022 година во возилата на ЈСП СКОПЈЕ се случиле вкупно 444 инциденти што е за 246 инциденти или за 124,24% повеќе во споредба со минатата година.

## ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

### Приходи и расходи по тримесечја за 2022 година

Таб.12

| ЕЛЕМЕНТИ | Јануари-Март | Април- Јуни | Јули-Септември | Октомври-Декември |
|---|---|---|---|---|
| Приходи | 549.468.000 | 303.372.000 | 451.272.000 | 392.897.000 |
| Расходи | 503.818.000 | 517.246.000 | 527.899.000 | 396.346.000 |

Таб.13

| Р.бр. | ПРИХОДИ | I - IX 2022 | X - XII 2022 |
|---|---|---|---|
| 1 | Приход превоз од патници - линиски превоз | 696.003.000 | 220.114.000 |
| 2 | Субвенции за бесплатен превоз | 123.810.000 | 0 |
| 3 | Приход превоз од патници - Жичница | 9.460.000 | 3.131.000 |
| 4 | Приход од субвенции за потешкотии | 370.000.000 | 153.000.000 |
| 5 | Приход од субвенции - Автобуски постојки | 0 | 0 |
| 6 | Приход од субвенции - АВЛ | 36.784.000 | 2.376.000 |
| 7 | Приход од донации | 9.906.000 | 2.221.000 |
| 8 | Останати приходи | 58.149.000 | 12.055.000 |

Таб.14

| Р. бр. | РАСХОДИ | I - IX 2022 | X - XII 2022 |
|---|---|---|---|
| I | Материјални расходи | 854.240.000 | 231.922.000 |
| II | Вкалкулирани бруто плати | 496.616.000 | 118.090.000 |
| III | Вкалкулирана амортизација | 146.104.000 | 32.642.000 |
| IV | Нематеријални расходи | 47.098.000 | 13.294.000 |
| VI | Расходи од финансирање | 4.905.000 | 398.000 |

## ПРЕГЛЕД НА ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА

Таб.15

| Ред. бр. | И Н В Е С Т И Ц И И | Износ | Стр. % |
|---|---|---|---|
| **I** | **Опрема** | **4.419.994** | **100,00** |
| 1 | Софтверски пакет-1 | 68.000 | 1,54 |
| 2 | Компјутери , монитори, др. компјутерска опрема | 3.897.778 | 88,19 |
| 3 | Принтер на баркод билети-1 | 48.700 | 1,10 |
| 4 | Принтер (Evolis)-1 | 287.067 | 6,49 |
| 5 | Ласерски баркод читач-1 | 15.000 | 0,34 |
| 6 | Дигитална камера-1 | 14.357 | 0,32 |
| 7 | Фискален печатач-1 | 18.990 | 0,43 |
| 8 | Виљушкар палетар рачен-1 | 12.000 | 0,27 |
| 9 | Канцелариски столици - 2 | 8.758 | 0,20 |
| 10 | Работни бироа - 15 | 49.344 | 1,12 |
| | **В К У П Н О** | **4.419.994** | **100,00** |

ЈСП СКОПЈЕ

В.Д. ДИРЕКТОР

Александар Стојковски